**20221532066**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 став 1 и 3 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КНИЖНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 100 ДЕНАРИ

1. Со оваа одлука се пуштаат во оптек книжни пари во апоен од 100 денари со ознака на печатење „мај 2022“ и со белезите утврдени во Одлуката за издавање апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/96), Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 100 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/00), Одлуката за издавање банкноти во апоени од 10, 50 и 100 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/01), Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 500 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/19) и Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 100 денари со изменети белези „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 49/21 и 83/22), почнувајќи од 1 август 2022 година.

2. Со пуштањето во оптек на книжните пари од точка 1 на оваа одлука во готовинскиот платен промет на Република Северна Македонија остануваат во оптек книжните пари во апоен од 100 денари издадени според Одлуката за издавање, апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/96), Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 100 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/00), Одлуката за издавање банкноти во апоени од 10, 50 и 100 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/01) и Одлука за издавање на банкноти во апоени од 100, 500 и 1000 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/08).

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/ X-5/2022
30 јуни 2022 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.